Ревизијата на успешност е спроведена со цел да дадеме придонес за подобрување на заштита, користење, управување и планска експлоатација до одржлив развој на рибниот фонд по пат на концесија, преку оценка на активностите кои се превземаат од страна на надлежните субјекти. Рибите во риболовните води како добро од општ интерес за РМ се под посебна заштита. Стопанисувањето со рибниот фонд во риболовните води се врши по пат на концесија. Концесионерот на кого му се дадени рибите од риболовните води на концесија е должен да спроведува одредени мерки со кои ќе се овозможи планирање и управување со рибите во риболовните води, овозможување на трајно користење на рибите преку одржлив развој за стопански и рекреативен риболов, како и развој , зачувување и заштита на рибниот фонд.
Вршењето на ревизијата се одвиваше во неколку фази од кои прва е фазата на прелиминарни истражувања. Од прелиминарните истражувања кои ги извршивме за потребите на ревизијата произлегоа повеќе подрачја кои покажаа претпоставени или докажани ризици и кои беа основа за вршење на ревизијата на успешност. Нашата ревизија ја насочивме кон откриените ризични подрачја како и кон прашања поврзани со активноста. Во таа насока се фокусиравме на политиките и законската регулатива од областа на рибарството, односно дали со превземање на законските дејствија за давање или пак одземање на концесијата, забраната за риболов на одредени риболовни води во подолг временски период се подобрува одгледувањето и заштитата на рибниот фонд во риболовните води, почитување на пропишаните услови во договорите, како и надзор над спроведување на законски пропишаните дејствија.

Со ревизијата опфатени се повеќе ризици кои се определени кај следните области:

- Структура на политики и начин на примена на законска регулатива поврзана со доделување на концесии во рибарството;
- Договорите за концесија на рибниот фонд за стопански, спортски и рекреативен риболов;

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка за ефикасноста во управувањето од областа на вршењето на работите и услугите од доделените концесии во областа на рибарството во РМ и почитувањето на предвидените обврски содржани во договорите за концесија од страна на концесионерот.

Резултатите од ревизијата ќе бидат презентирани во извештајот на ДЗР. Со извештајот надлежните институциите ќе се информираат за степенот на имплементацијата на Законот за рибарство и аквакултура од аспект на спроведување на ефикасни мерки во однос на заштита, користење,

управување и планска експлоатација до одржлив развој на рибниот фонд по пат на концесија.
Исто така, ќе бидат презентирани утврдените состојби и неправилности и дадените препораки за нивно надминување, кои ќе помогнат во интензивирање на процесите за донесување и имплементација на под законските акти од областа на рибарството.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 - Опфат и методологија од овој извештај.

Ревизијата на успешност која ја спроведе ревизорска екипа од Државниот завод за ревизија е извршена активност, планирана и спроведена согласно Годишната програма за работа на ДЗР за 2012 година.

Ревизијата на успешност е спроведена од страна на ревизорска екипа од ДЗР .

Ревизијата е извршена по следните фази и периоди:

- Прелиминарни истражувања –од месец јуни до месец септември 2012 година;
- Вршење на ревизијата –месец октомври 2012 година;
- Анализа на резултати и подготовка на Нацрт извештај од спроведена ревизија – месец октомври и ноември 2012 година.

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 10.12.2012 година.

Нацрт извештајот е доставен до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и до Државниот инспекторат за земјоделство и на истиот не се доставени забелешки. Добиен е допис – позитивно мислење од Државниот инспекторат за земјоделство број 10-86/2 од 28.01.2013 година, заведен во Државниот завод за ревизија под број 18/298/1 од 04.02.2013 година.